ВАЊА ИЗОВА-ВЕЛЕВА

# БЕЗДНА УГОРЕ

**ЛУЃЕТО НЕ СЕ ПЛАШАТ ОД СТРАВОТ, ТУКУ ОД СОЗНАНИЕТО ДЕКА ИМ ТРЕБААТ ЛУЃЕ**

Моите пријатели

Во главата ги носам
моите пријатели
пакувни низ фиоките како чорапи.
Или можеби ги носам стуткано во чанта
растурена од вознемирана рака...
Ги носам, а тежат како засушена кал
врз женски потпетици.
Моите пријатели никнуваат во
 стаклен обрач
од изумрени инсекти
гробница од мисли и смачкани крилца
мирисат на дотраеност, но свежи се
рокот за употреба им стои закачен меѓу челото и носот
и ги потсетува дека растекувањето се брише со шамивче.
Моите пријатели имаат позајмени крилца од инсекти
Подгорени од уличните светилки.

## Што носиш ...

Што носиш во главата?
Ризница од пријатели
пакувани во стакло
исплукано од збунети инсекти

Што криеш над очите?
гробница од мисли и смачкани крилца

Чувам се што  другите изгубиле
за да им вратам ако побарат

Што премолчуваш во трепките?
Молк, го калемам со човек
за да ми никне човештво

А ти зошто ме прашуваш
за главата, очите, трепките?

Молчи
зашто она што го носам во главата
го кријам во очите
премолчувам од трепките.
Чекам стаклото да распука
инсектите прежвеат
зачуваното да се врати
а човекот да се роди од молк.

ВО СЕБЕ НОСАМ ЧАД
МИ ИЗГАСНА ОГНОТ
СЕГА БАРАМ ПЛАМЕН
РАЗДУВАН ОД ВЕТРОТ

Во мене кријам ноќ
Ми зајде сонцето
Сега барам утро
Да го повика  денот

Во мене чувам сон
Ми се затвори окото
Сега чекам будење
Скриено во перницата

Во себе нацртав
Оган, најдов утро
залепив око
и продолжив раздувана од ветрот
повикана од денот

# ДИЛЕМА

Каде си?

Трчам некаде...

ја барам растресената глава

скриена меѓу рамењата

ја тегнам да излезе за да ја поздравам...

Обезглавена сум

ми остана грпката никната врз рамењата

и врз неа садат трева

Зеленило ми пуштат да ги одморат очите

свртени угоре, заглавени удолу.

Ловам магла и ја буткам низ џебови

да се стопли и раздипли во виделина

Трчаш ли некаде?

Во место ги бројам чекорите

стуткани во изодените чевли

и  мерам

уште колку време имам да се разбудам.

Го гледам небото со истата дрскост

корнам парче и мачкам на земја

растечено под тешкиот ми чекор

ме влажни како заборавена девица...

чудно она што беше горе

како прокуда на тие што молеа

сега се дават во неговата разводнетост

бришејќи ја капката заглавена во сечиј заб од чевлите

во секоја изгубена потпетица на госпоѓите.

Небото ни слегна удолу и се цеди

како надојдено невреме што виси и чека ветер

Отворете чадори за да веслате по него

и ако можете кажете му да си замине

нека повторно никне во капа на главите

во чело меѓу очите

Групно лудило

Имаш право да лудуваш
отвори или затвори
стани или седни
скрши или поправи
Имаш право ако си ментален случај
да лудуваш колку сакаш
удирај шлаканици и смеј се
луд си ке ти простат
низ каблите се шири лудило
нема да сум овде кога ќе сум таму
лудак со ментална дезориентација
гримасите мести ги пред огледало и фрли ги
онаму каде никнат нови лудаци
не има се повеке
живееме во групно лудило

Неколку тенки линии и се е готово

завршува приказната ...

Почнува ново одбројување

низ конците ѕирка просторот

стиснат меѓу шепите

подготвувајќи ново лудило.

Се е тивко лудаците вечерат

заборавено месо меѓу забите

и кинат погледи заковани врз

дотраените дрвја.

Се е готово

тенките линии бледеат

лудаците лудуваат

месото оддамна е изедено

останаа неколку тенки линии

# ПРАЗНОООО

Празно ...

Ѕиркам под кошулата,

Тука сум.

Ги отворам градите

Ѕиркам...

Поздрав до внатрешноста

И пак празно.

Се полни ли истеченото?

Се сади ли исушеното?

Го шетам месото како пред  колење

Мирисите ги чувам во пазувата

А празно е

Каде ли исчезна освежувачот за тело?

# Чудни,чудни луѓе

Некои луѓе се чудни
Крадат дел од мене
И го живеат моето парче
Ги препознавам но оставам
Да гнетат туѓи сништа
Зашто свои немаат.
Чудни се некои луѓе
Крадејќи заборавиле дека нивното е туѓо
Ги чувствувам, но дозволувам
Да ми исцедат уште некој дел
За да видам како изгледа
Надвор од мене
Некои луѓе се чудни
Насрнуваат врз мене
Заради ново себеполнење
Чудни,чудни луѓе

# ВТОР ДЕЛ



Ages

Некаде каде се почнува

дреме соголено од годините ...

времето му ја краде снагата

и со уредно изострено ноже

корне дел по дел.

Не се бунтува...

Стои наконтено со неколку заборавени крпи

и гордо пркоси на закачената мува

прилепена врз она што му остана.

Ги брои деновите кога ветрот ќе му ја сотре

и последната резба и ќе го остави угол голо

потсетник на перверзија заглавена во исушената крошна.

Да, ветрот ќе го скрои во љубовник нежно измазнет

и гордо исправен пред предизвикот на она што го носат годините

Да се биде дрво или љубовник

Ќе може ли ?

ќелавата снага ја покриват неколку заборавени дамки



bite

Го нагризуваш сонот

И будиш со горчлива плувачка

Небере се успал од  долгото талкање

Меѓу уморените очи и бушавата коса

Задоволно го грицкаш сонот

И трошките сништа се ронат

Врз извалканата снага

Како печат на растечено сонување

Изеди го сонот

Можеби ќе никне во тебе радост

И ќе го исплави сонливиот поглед

И расчешла збунетата коса.

Најади се со сонот

Ќе те измие како што ти го миеш

Залакот в уста.

Едноставно сонувај, тогаш  се е полесно .



Крст слика

Горе, онаму каде се почнува

Се растрчале облаците

Никнати како море

Ја китат линијата на

празнината

и играат танц на исчекување, изминување

отвораат угорни бездни

и се голтат себе си

удолу каде темнината се вдомила

противречи потсетник на болката

на заминувањето

насаден меѓу набрекнатите гради

царува врз она помеѓу

горе и долу

и се вика едноставно Крст.


© carpediem wallpapers | 2004

# ТЕАТАР

Ми се растече сцената

низ неа шибат копја

истурена боја

и паѓаат некаде удолу

Спектар од црвено жолти линии

ми го замаглува окото и барам актери

избезумени од новата претстава

расплесната врз мојата сцена

Се растрчале во обоената магла

и гинат низ тесниот простор

наместен само за нив

Од една страна влез, од друга излез, долу бездна

маглата зацрвенета од бес

ја замолчува публиката

и ја учи на мир, почит кон сцената

Актерите имааат претстава

гинат во растеченоста на мојата сцена-театар



LANDSCAPE

Секое утро кога се буди
ја чешла косата внимателно
прво кон лево, а потоа кон десно
сака да го збуни ветрот
и остане малку дотерана
во својата згужваност

Лицето и е вџашено
како удар од тупаница
со старост никната во мов
распослана низ браздите
жолтее и чува зелен сок
онаму каде сите мислат дека умира

Ја троши  последната трошка шминка
и му се додворува на ветрот
да ја милува, а не корне опаѓаната коса
зашто само така ќе никне во место за бегство.



## SUNSET

Меѓу црна и бела линија
пркоси блесок стокмен меѓу
угоре и удолу
расплеснат врз она што е средина.
Ги допира трагите
на патниците кои го изгубиле патот
и оставиле трошка блед потсетник
за нивното поминување.

Во расчекор е меѓу заминување и исчекување
полн со сонлива мисла
дали ќе го голтне црнилото
или истисне белилото?
Реши... ќе се растече помеѓу и ќе биде свој.
Зашто небото е ничие

Sunset 2

Некој играл со боите...
повлекол линии и оставил запалено светло
темнината ја залепил долу
а спектарот горе
в средина растечено сонце.

Мајсторски дотерана слика
растреперени облаци лежат врз мислата
и течат угоре измореното око.
Тишина виси врз мигот
изгризаната црнина вперила
замижен поглед  на изморено око
кусите трепки и заглавиле в грло
и се дави со тивко подотворена уста.
Пердуви летаат од искубаното тело
на она што се вика небо.
Некој играл со боите
и нервозно го раздрал цртежот
од удавената четка заглавена в средина
никнала порта полна нова светлина



Јас сум вода

Спијам под скршениот мост на сивата река

Го мијам изметот на згужвените риби

И се пакувам во стихија

Вода сум и течам угоре

Се кревам и спуштам

Потсетувајќи на бран

Корнам тревишта, песок

И се сместувам во тишина

Течение сум

На сите што сакаа

изворот да ми го секнат

бездната исушат

ги удавив во капка солена

никната во расчекор

на воздухот и земјата

стаклена и брозирна битност

полна искривени гримаси од давеници

ги гледам пакувани во мојот воден свет

маглата од бои ми ја носи капката

чистилиште од себеполнење

и центрифугира се што останало од мојата вода

сега чекам суви луѓе



# ИЗГРИЗАНА КУЌА

Се кикоти на глас
Покажувајќи ги двата заба

Со очи широко отворени
Збеснати од лудило.
Времето и никнало
Низ снагата како бршлен
И ја стега до распукување.

Од умора нозете и потклекнуваат
Но стои со расплетена фризура
И ги поздравува облаците
Заглавени во темето.
Внатре спие староста
Збрчкана меѓу изгрицканите тули
Таму самува осаменоста
Скриена во исушеното сено
И скршените окна
Во изгризаната куќа чекаат спомените
И другаруваат со трњето
Облагородувајќи го сопственото рушење.



life

Со две тенки нозе

позајмени од инсект

се потпирам врз твоето наежено тело.

Затворен во својот свет

ме оставаш да висам главечкум

и чувствувам секоја капка набрекната крв

како пулсира мегу твојата скриена еротика

и мојот несигурен лет.

Се прашувам зошто стојам наопаку

загледана во тенкото тело

кога убавината ти е пакувана

во долги ракавици

подготвени за предизвикување двобој.

Можеби главата ми е потешка од нозете

и ми го успорува одот кон она што е забрането

па ме врти во спротивен правец

онаму каде што ќе си го најдам патот за бегство.



QUA QUA

Ме гледа стравот  ме познава

 заседнал во синило и ме кани

 во одајата на хаосот.

Отвора порокалово резе

И ме турка  во утробата...

Течам низ згужваниот врат  исцеден

од сопственото полнење

оставен да се досуши  расплеснат врз водата.

Стравот ти го мерам во линии

бројам напнатост

слушам бол

и тивко qua qua



Само ти остана со четири глави

Закачени врз исушената снага

Мавташ  вкочанети трепки

Приковани со  мувла од чекање.

Старите јазици стојат пакувано

Во изгужваната муцка

и бараат плувачка

За  една мината мекотија

Лесно слегне по грлото

Можеби ти никнале нокти врз главите ,

гребатори по секој случаен минувач со

лажна насмевка

по твојата препарирана сушност.

Чувај ги трепките, остри ги ноктите

Еве доаѓа ветрот...и ќе ти откине една или две глави



Ги видов копјата...

Засадени  длабоко

Тука се...

дрско се кикотат и трескат од земја

завист никната од смрзната почва.

Хаосот им ја витка снагата

стисната од студените кристали

го цеди злото

и  менува правецот на удар.

Ги видов копјата

закопани во студенило

стенкаат од  тежина ,тегнејќи го вратот

и молаат за малку засеченост

останаа  уште неколку...

# ТРЕТ ДЕЛ

## Некоја друга јас

Некоја друга јас

Ми ја нагризува черупката

Длабоко во мене грицка дел по дел

Подготвувајќи себеуништување

Некоја друга јас

Се втурнала во мојот дом

И ми го руши мостот

Закачен од рамо до рамо

До коска ги рие ноктите

И се радува

На црвенилото разлеано

Како бојадисано утро.

Не ја спознавам другата јас

Се кикоти и ми го корне гласот

Пуштајќи го низ пукнатините како клетва

Другата јас не сум јас

Таа откорнува што садам

Извикува што премолчувам

Убива што раѓам.

Се закачила на моето рамо

И ме треска од земја

Ми дише во вратот

И знае дека е друга ,знае дека има одобрен излез

И слободен влез

# Ме повика месечината

Месечината ме повика
да и ја држам снагата
се уморила висејќи
во темнината,шетајќи по ширината

Ме повика месечината да и бидам соучесник
во намалувањето за да и го чувам стравот
и расчистам местото на вкоченоста

Месечината и јас
висиме заедно
таа горе, јас долу
таа со наведнат поглед
јас со искривен врат кон нејзината снага.

## Што се случува во главата на таа жена?

Што се случува во главата на таа жена?

стои наконтена во обичноста

и копа по досадата.

Ги тркала очите во дупките

и си закачува гримаса

Што се случува во главата на таа жена?

мислите и шетаат од сосетка до колешка

и прави фотомонтажа во плитката черупка.

Што и се случува во главата на таа жена ?

Очите и трчаат

усните киваат

празнина и дрема меѓу рамењата,
а седеше на поетска манифестација.

## Човек без плач

Каде го пакува плачот?

Дрема некаде скриено и

чека.

Истрошен мутира во песок

разлетан меѓу трепките

и безобразно допира до твојата сувост

Човек без плач

заковани болка

тивко липање скриено во длапките.

Каде ја изгуби солзата?

Остана збунето

и тече удолу

солено, тивко, суво

човек без плач

со грст вода во раце

наводнувач на сопствената сувотија.

# Мисловна равенка

Што е разликата

Меѓу бев и сум ?

Бев=минато

Сум=сегашно

Минато=сеќавање

Сегашното=живеење

Сеќавањето =спомен

Живеењето =реалност

Споменот X стремеж

Реалноста факт

Стремежот = реалност

Споменот = факт

И има ли разлика

Меѓу бев и сум?

МОИТЕ ТРИ АНГЕЛИ

Три ангели лежат
пред мојот дом...
зрнест поглед
и залепена коса
беснее врз нивната лика.
Изморени  малаксано глаголат трошка молитви
и грабаат воздух

Три ангели се довлечкаа до мојот праг
посетители на загубеното
полни усни песочни зрна
заглавени меѓу скршените заби
летаат како прашина врз моето лице

Тежат испотените крилја
удолу и го успоруваат летот
во бездната угоре

Дојдоа задоцнето моите три ангели
и сега им нема спас
морат да научат пешачење.

## НЕ...

Не зборувај гласно
да не ми го разбудиш каменот
па да ми се стркала удолу
и скрши ребрата

Не викај силно
да не ми го забрзаш пулсот
и подместиш срцето

Не тропај
зашто ќе прашам кој е
и ќе откријам дека
каменот си е на место
пулсот дрема,а
единтвениот тропот е оној од срцето.

Некој голтна слика

Некој голтнал слика

Болка закована

Меѓу шајќите

Лежи неизџвакано во желудникот

бара простор

ново тло да закити...

Бразди

Цртат белег потсетник на ветрот .

шумови трчат по улицата

И се лепат врз голтнатата слика

Викајќи го грчот во самоодбрана.

Сликата голтна некого

Го смели во ситни парчиња

Распрснати низ платното

Ги буни деловите и игра со нив

Цртајќи нова лика

со боја и име на болката.

Некој некого голтна

И насади трн во грлото

Размножено сечило

Убиец на растрчани шумови.

Некаде

Некаде живее птица
и го распорува мракот
неспретно го чува ритамот
и потсетува на присутност

Некаде стои будна
птицата на ноќта
и гласно и пречи на темнината
острејќи го гласот

Некаде  некоја заборавена птица потсетува
на ноќта и збунето очекува
некој да ја покани во
синфонијата на денот

Ноќта е полна заборавени суштества

залепени врз секојдневието

со дремливо кренати веѓи

Играат танго на молкот

врзано во шамивче

и шушкаат нова приказна

измислена само за нив

здивот заглавил меѓу ноздрите

и ги гори крилцата залепени

врз уличните светилки

Ноќта е полна заборавени суштества

лутаат во тишината  изморени од прав

и тежат

расплеснато врз мислата

молк...

исчезнаа оние што беа заборавени

се удавија во реката на ноќта.

Чаша полна време

камења и песок

насадена смрт во прозирен обрач

Се ѕвери во минувачите

и издивнува студенило

дразнејќи го малаксаното тело

на изжваканиот цвет...

Пушачите го мерат димот

стиснат под јазикот

и го пакуват месото во кожа

криејќи го мирисот на голотија...

Низ просторот ѕиркат конци

и плетат љубовно танго

на она што беше чаша

на она што беше кожа

чуден простор

Чекорот е чудо

Те носи каде сакаш
те враќа онаму од каде бегаш
зquestionазнува и со себе носи  нечиј дел
нечие парче
заборавено крилце
фрлен отпушок

Се стои така залепено
меѓу излитените запци
на тешкиот чевел налик
подвижна парцела,
место за оддишка, застој, одмор.

Чевелот е паркинг на уморот
пауза за ручек
изгубен придружник на чекорот

## НА ЕДНА НОГА

Кога стоиш на една нога
се трудиш да ја заборавиш другата,
а таа боли во свиеноста
и тежи врз закованиот пар.

Оро ситни животинки лазат
по она што го нарекуваш
нога-столб
и го чувствуваш движењето
на целиот твој свет
собран во маршот на
невидливите бубачки.

Кога стоиш на една нога
го тетеравиш трупот
небере илјадници капки алкохол
се растрчале низ тебе
и те буткаат кон дното.

Кога стоиш на една нога
размисли, зошто го правиш тоа
кога можеш да стоиш на две нозе.

# За и со себе

Се борам за сите во себе

И за себе со сите

Го чувам здивот запален во ноздрите

И голтам пламен во мевот

За да изродам дим бранител

Загушувач на луѓе, нелуѓе

Се раѓам  и  умирам секојдневно

За да најдам место

Чисто и препородено

Да почувствувам

Здив  што не мириса на чад

Пламен што не гори

Да пронајдам човек изгубен меѓу луѓето